Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО

1. ЈАНУАРИ - 31. ДЕКЕМВРИ 2019 ГОДИНА

јануари 2020 год.

**НАКРАТКО**

2019 година е јубилејна, петнаесетта, година во работењето на ЦГК и втора година од спроведувањето на тековниот петгодишен Стратешки план за работењето (2018-2022). И годинава продолжи динамичното работење од претходните години, за што зборуваат следниве сумирани резултати:

- спроведени се 14 истражувања;
- директно се мониторирани 145 тендери;
- анализирани се 1671 тендер;
- организирани се 29 обуки, работилници, конференции и дебати;
- издадени се и дистрибуирани 8 публикации (извештаи, анализи и документи за јавни политики) во 1700 примероци;
- извештаите, препораките, истражувањата и прирачниците на ЦГК се преземени 115,864 пати од интернет страницата **www.ccc.org.mk**;
- препорачани се стотина конкретни мерки за потранспарентно работење и за намалување на просторот за корупција;
- објавени се 644 новинарски текстови врз основа на нашите активности и резултатите од нивното спроведување во голем број медиуми во земјава;
- резултатите и препораките од мониторингот на јавни набавки се преземени и цитирани во извештаи на неколку меѓународни организации (ЕУ, СИГМА и др.).

Во 2019 година продолжи редовниот мониторинг на јавните набавки во земјава, со укажување на слабостите и проблемите во системот на јавни набавки и со предлагање мерки за намалување на можностите за злоупотреби и на просторот за корупција.

Докажаната методологија според која ЦГК веќе единаесетта година го спроведува мониторингот на јавните набавки претставува основа за спроведување на слични активности на регионално ниво, односно во рамките на проектот „Балкан Тендер Воч“ за мониторинг на јавните набавки во земјите од Западен Балкан.

Во сферата на јавните набавки, истовремено со активностите на системско ниво, ЦГК спроведува и активности за утврдување на транспарентноста, отчетноста и интегритетот во јавните набавки на институционално ниво, истражувајќи ги и анализирајќи ги овие аспекти кај Владата, министерствата и секретаријатите и Собранието и соодветно рангирајќи ги според степенот на исполнување на претходно утврдените критериуми.

Во другата главна област на делување – полето на унапредување на капацитетите на новинарите и медиумите, во 2019 година продолжија значајни активности за зајакнување на истражувачкото новинарство и соработката меѓу медиумите и невладините организации во остварување на нивната заедничка општествена улога. Продолжи и редовното асистирање на новинарите при нивните истражувања на корупцијата и трошењето јавни пари.

ЦГК и годинава спроведе серија истражувања за важни појави, прашања и области за натамошно користење на новинарите и невладините организации, а кои се објавуваат во отворен формат на веб-порталот **www.opendata.mk** што овозможува нивна натамошна употреба.

Во 2019 година почна нова тригодишна институционална поддршка на ЦГК во рамките на програмата „Цивика Мобилитас“ која е финансирана од Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), а која ја спроведуваат НИРАС, Македонскиот центар за меѓународна

соработка и ФЦГ Шведски развој АБ. Станува збор за поддршка на процесот на институционален развој на организацијата врз основа на предложената тригодишна програма и акциски план.

Инаку, активностите на ЦГК во 2019 година се спроведуваа во рамките на осум проекти, финансиски поддржани од: Европската Унија, УСАИД Македонија, Швајцарската агенција за развој и соработка и Кралството Холандија, а кои се спроведуваат самостојно или во партнерство со неколку невладини организации од земјата.

Подетални информации за проектите, донаторите, партнерите, спроведувањето, активностите, резултатите и постигнувањата можат да се добијат на **www.ccc.org.mk.**

**ДЕСЕТ ГОДИНИ КОНТИНУИРАН ДИРЕКТЕН МОНИТОРИНГ НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ**

Во 2019 година беше обележана десетгодишнината од спроведувањето на мониторингот којшто, засега, резултираше со следниве остварувања:

**» 74 публикации (20.000 печатени примероци и 279.000 електронски преземања):**

- 31 извештај од мониторингот на национално ниво
- 11 извештаи од мониторингот на локално ниво
- 17 Индекси на рационалност
- 3 специјални изданија
- 3 анализи со предлози за законски измени
- 9 прирачници за фирми, администрација, граѓани и новинари.

**» 36 бази на отворени податоци**

**» 1.100 медиумски објави**

**» 350 наоди**, констатирани и анализирани во извештаите.

**» 384 дадени препораки** за подобрување на регулативата и праксата, од кои:

- 110 уникатни препораки и
- 274 препораки кои се повторуваат.

**» 60 прифатени препораки** и вклучени во законски измени, меѓу кои следниве (подредени хронолошки, а не според важноста):

- Достапна за сите и бесплатна тендерска документација;
- Воведување рок за институциите за донесување одлука за избор или поништување;
- Доставување на одлуката за избор до сите понудувачи;
- Регулирање на набавките под прагот од 5.000 евра;
- Стеснување на основите за поништување на тендерите;
- Стеснување на можноста за склучување директни договори без објавување оглас;
- Детално образложение на донесената одлука за избор на најповолната понуда;
- Воведување прекршочни одредби за непочитување на законот;
- Воведување ex-ante контрола врз спроведување на постапките за јавни набавки;
- Овозможување увид на понудувачите во документите од постапката,
- Зголемување на транспарентноста на јавните набавки и на ЕСЈН и на веб-страните на институциите со задолжително објавување на плановите за јавни набавки и договорите за јавни набавки;
- Ограничување на износот на годишен промет на фирмите што може да се бара како услов за учество на тендер;
- Укинување на задолжителноста на електронската аукција;
- Укинување на задолжителноста на најниската цена како единствен критериум за избор на најповолна понуда;
- Овозможување жалба во однос на тендерската документација по објавување оглас наместо по доставување понуда;
- Замена на банкарската гаранција на понудата со изјава на сериозност на понудата;
- Воведување поправичен надомест за поднесување жалба;
- Анализирање на ефектите од работењето и укинување на Советот за јавни набавки;
- Ограничување на исклучувањето на фирмите од јавните набавки;
- Воведување на задолжително делење на тендерите,
- Воведување на антикорупциски одредби во Законот за јавните набавки, итн.

**ЗА НАС**

Центарот за граѓански комуникации (ЦГК) е основан во април 2005 година како невладино, непрофитно и непартиско здружение на граѓани. Во своето досегашно дејствување ЦГК ја фокусира својата работа врз две групи од меѓусебно поврзани активности: (1) мониторинг на државните институции и врз основа на тоа, препорачување мерки и политики за унапредување на работењето и за намалување на просторот за корупција и (2) унапредување на способноста на новинарите и на посебната улога на медиумите и на невладините организации во борбата против корупцијата и зголемувањето на транспарентноста, одговорноста и отчетноста на државните институции.

Во оваа насока ЦГК досега има изработено и предложено неколку стотини конкретни препораки за преземање мерки за унапредување на регулативата и практиката во насока на потранспарентно, поотчетно и поодговорно работење на централната и на локалните власти, има обучено повеќе од петстотини новинари од националните и од локалните медиуми за истражување и известување за корупција и претставници на граѓански организации, а има изработено, спроведено и објавено повеќе од двесте истражувања, анализи и прирачници.

Претставници на ЦГК редовно учествуваат на работилници и во експертски групи за креирање стратегии и мерки за борба против корупцијата и за други прашања од областите на делување на ЦГК.

Активностите на ЦГК се, пред сè, насочени кон вработените во државните институции и органи на централно и на локално ниво, кон новинарите, бизнисмените и нивните здруженија, кон претставниците на невладините организации, како и кон граѓаните на локално и на централно ниво, како крајни корисници на резултатите од делувањето на организацијата.

Персоналот на ЦГК во 2019 година броеше седуммина вработени и неколку постојани соработници – експерти од сферите на делување на ЦГК. Органите на управувањето и раководењето на ЦГК ги вклучуваат Собранието на здружението, Извршниот одбор и претседателот на здружението.

| **ВИЗИЈА НА ЦГК** | **МИСИЈА НА ЦГК** | **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ (2018-2022)** |
|---|---|---|
| ЦГК е докажан општествен чинител во демократизација на македонското општество, подобро информирање на граѓаните и транспарентно и одговорно владеење. | ЦГК ја развива и подобрува комуникацијата помеѓу сите општествени фактори во Република Македонија за процесите од пошироко значење. Ги мониторира, анализира и јакне општествените процеси во земјата и регионот во делот на антикорупција и добро владеење, евроинтеграција, медиуми и економски развој. | • Антикорупција и добро владеење;<br>• Медиуми;<br>• Евроинтеграција;<br>• Економски развој и<br>• Градење капацитети на организацијата и долгорочна финансиска одржливост. |

## ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ И ОСТВАРУВАЊА

Мониторинг на јавните набавки (2008-2022), финансиски поддржан од Програмата за граѓанско учество, финансирана од УСАИД Македонија (2018-2021)

***Преку директно следење на јавните набавки се детектираат основните слабости во спроведувањето на тендерите и се препорачуваат конкретни мерки за надминување на проблемите, на нерационалното трошење на јавните пари и за стеснување на просторот за корупција.***

Во текот на 2019 година:

- Директно се мониторирани 120 тендери спроведени од државни институции на национално и на локално ниво;
- Објавени се два детални извештаи од мониторингот на јавните набавки со преглед на состојбата, детектирани слабости и простор за злоупотреба и корупција во јавните набавки;
- Препорачани се низа конкретни мерки што треба да се преземат за унапредување на системот на јавни набавки во земјава, било за промени во регулативата или за начинот на спроведувањето на јавните набавки;
- Изработена е анализа на жалбените постапки во јавните набавки;
- Спроведена е анкета на јавното мислење меѓу фирмите-учеснички на постапките за јавни набавки за проценка на нивното искуство од учество на тендерите;
- Објавени се четири истражувања и бази на отворени податоци на веб-порталот **www.opendata.mk** како платформа на која се објавуваат истражувањата и базите на податоци изработени од ЦГК, со цел да бидат подостапни и полесно разбрани од поширок круг граѓани.

Покрај активностите поврзани со мониторингот на јавните набавки, во рамките на стратешката поддршка од Програмата за граѓанско учество спроведени се и следниве позначајни активности:

- Спроведено е истражување и изработено е рангирање на 97 институции (Влада, министерства, Собрание на РМ и општини и Градот Скопје) според нивото на Активната транспарентност;
- Асистирани се 24 истражувачки новинари за време на нивните истражувања и известувања за корупција и за трошење на јавните пари.

Мрежа за транспарентност, отчетност и интегритет во јавните набавки – проект финансиран од ЕУ преку програмата за поддршка на организациите од граѓанското општество во рамките на Civil Society Facility Action 2015 (2017-2019)

***Проектот овозможува поактивно учество на граѓанските организации во подобрувањето на регулативата и примената на најдобри практики за намалување на корупцијата и за зголемување на ефективноста во јавните трошења. Исто така проектот е насочен кон унапредување на разбирањето меѓу засегнатите страни и граѓаните на потребата од поголема транспарентност, отчетност и интегритет во јавните трошења.***

Во текот на 2019 година:

» Спроведено е обемно истражување на нивото на транспарентност, отчетност и интегритетот на институциите во јавните набавки и соодветно на тоа се рангирани 21 институција (Влада, министерства, секретаријати и Собрание на РМ) според нивото на транспарентност, отчетност и интегритет во јавните набавки и организирана е јавна дебата со споменатите институции за користење на алатката за подобрување на ефикасноста во трошењето јавни пари;
» Обучени се и менторирани претставници на осум граѓански организации кои спроведоа истражување, анализа и рангирање на сите 81 општина во земјава според нивото на транспарентност, отчетност и интегритет во јавните набавки;
» Организирани се 16 јавни дебати, по две во секој регион од земјава, со претставници на медиумите и на сите засегнати страни за презентирање на резултатите од истражувањата и за дискутирање на потребата и местата за подобрување на трошењето на јавните пари;
» Изработени се специјална публикација и веб-платформа **www.integritet.mk** со резултатите од истражувањето и со можност институциите да ја користат како алатка за самоевалуација на степенот на нивната транспарентност, отчетност и интегритет во спроведувањето на јавните набавки;
» Спроведено е испитување на јавното мислење со анкетирање на повеќе од 400 испитаници од целата земја (граѓани, новинари, претставници на граѓански организации и бизнис-секторот) за степенот на информираност за начинот на трошење на јавните пари и
» Изработени се и објавени два документи за јавни политики за два од најголемите проблеми во јавните набавки во земјата – планирањето и интегритетот во јавните набавки.

Зајакнување на интегритетот и намалување на корупцијата во јавниот и приватниот бизнис-сектор, проект финансиран од Европската Унија во рамките на програмата на ЕУ за поддршкана организациите од граѓанското општество во рамките на Civil Society Facility Action 2016-2017 (2018-2021)

***Проектот опфаќа активности за зајакнување на влијанието на граѓанското општество врз намалување на корупцијата во бизнис-секторот, преку подобрување на транспарентноста, отчетноста и интегритетот на државните претпријатија и зголемување на учеството на приватниот сектор во борбата против корупцијата.***

Во текот на 2019 година:

- Идентификувани се генераторите на корупцијата, ранливите области и активностите подложни на корупција во државните претпријатија;
- Изработени се препораки за законски измени и репери за добри практики за зголемување на транспарентноста, отчетноста и интегритетот на јавните претпријатија;
- Зајакнати се капацитетите на повеќе од 100 претставници на приватни бизниси за спречување и борба против корупцијата;
- 37 претставници на граѓански организации од целата земја се консултирани на три работилници за сферите подложни на корупција во локалните јавни претпријатија во нивните средини на живеење и делување;
- Воспоставена е функционална платформа за јавно-приватен дијалог во борбата против корупцијата;
- Воспоставено јадро од граѓански организации за застапување кои користат истражување и мониторинг за да ги зајакнат своите активности за намалување на корупцијата во бизнис-секторот;
- Одржани се два јавни настани со повеќе од сто претставници на сите засегнати и вклучени страни за презентирање на наодите од истражувањата и дискусија за мерките што треба да се преземат за намалување на корупцијата и зголемување на интегритетот во јавниот и приватниот бизнис-сектор.

Проектот се спроведува во партнерство со Конект и Здружението на даночни советници.

Балкан тендер воч – проект финансиран од ЕУ преку Програмата за „Консолидирање на тематски регионални мрежи на организации од граѓанското општество“ (2018-2022)

***Проектот го зголемува влијанието на граѓанското општество од земјите од Западниот Балкан врз антикорупциските политики и практики за време на целиот циклус на јавни набавки, со искористување на евроинтеграцијата како трансформативна агенда.***

Во текот на 2019 година:

- Изработен е инструмент за споредување (бенчмарк) за да се идентификуваат ранливите точки на корупција во системите за јавни набавки што ќе биде применет и користен од граѓански организации, медиуми и др. засегнати страни;
- Спроведен е директен и длабочински мониторинг на повеќе од 100 тендери, за проценка на ризиците од корупција во секоја од фазите во циклусот на јавни набавки, вклучувајќи 25 тендери од Северна Македонија;
- Рангирани се петте системи за јавни набавки на земјите од Западниот Балкан со примена на споменатиот инструмент за споредување (бенчмарк), вклучувајќи ја и Северна Македонија;
- Изготвени и објавени се годишни извештаи во сенка врз основа на докази за состојбата на работите и напредокот во јавните набавки во пет земји од Западен Балкан, вклучувајќи ја и Северна Македонија;
- Спроведена е обука за повеќе од 50 граѓански организации од петте земји за граѓански организации што активно ги следат јавните набавки, ги идентификуваат проблемите и предлагаат решенија, вклучително и десет од Северна Македонија;
- Обезбедени се детална проценка на ранливоста на корупцијата во системите за јавни набавки и препораки за надминување на идентификуваните проблеми за Владите и другите засегнати страни, вклучително и за Северна Македонија;
- Спроведени се консултации со повеќе од 60 претставници на сите вклучени страни во Северна Македонија за проценка на состојбата со спроведувањето на новиот Закон за јавните набавки;
- Доделена е финансиска поддршка за десетина локални граѓански организации, вклучително и две од Северна Македонија, за истражување на корупцијата во јавните набавки на локално ниво, во нивните средини на делување;
- Одржана е конференција за сите засегнати страни, како и работилница за претставници на граѓански организации од сите земји на Западен Балкан за размена на искуства, методологии и за вмрежување на активности за спречување на корупцијата во јавните набавки на локално ниво;
- Остварена е работна посета на Брисел за запознавање и размена на искуства со претставници на Европската Унија и на други вклучени институции во унапредување на состојбата во јавните набавки;

Проектот се спроведува во партнерство: Фондацијата за отворено општество Србија (како водечка организација), Фондот отворено општество Босна и Херцеговина, Косовската Фондација за отворено општество и Мрежата за афирмација на НВО секторот - МАНС, Црна Гора.

Дијалог со граѓанските организации – Платформа за структурно учество во ЕУ интеграциите, проект финансиран од Европската Унија во рамките на Програмата за поддршка на граѓанското општество за механизам за секторско вмрежување (2019-2022)

***Проектот овозможува суштинско и структурно учество на граѓанското општество, кое ги изразува ставовите на граѓаните, со цел да влијае на клучните секторски реформи во процесот на пристапување кон ЕУ.***

Во текот на 2019 година:

- Воспоставена е веб-платформа за структурирано граѓанското учество во институционалните консултативни механизми, преку која се зголемува достапноста на информации и поддршката на учеството во процесите на креирање јавни политики поврзани со пристапувањето кон ЕУ.
- Развиена е методологија за спроведување на истражување кое ќе го мери граѓанското вклучување и учество, како и за спроведување на систематски мониторинг на работата на секторските работни групи.
- Спроведени секторски консултации за унапредување на структурниот дијалог помеѓу институциите и граѓанскиот сектор во процесот на пристапување кон ЕУ.

Проектот се спроведува во партнерство со Фондацијата Отворено општество - Македонија (како водечка организација), Реактор – Истражување во акција и Евротинк – Центар за европски стратегии.